Љ. ДОКЛЕСТИЌ

# ПРИЛОГ КОН БИБЛИОГРАФИЈАТА НА ПЕРИОДИЧНИТЕ ПУБЛИКАЦИИ ЗА МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНЦИТЕ

1. АВТОНОМНА МАКЕДОНИЈА — MACÊDOINE AUTONOME

Сопственик и одговорен уредник Ѓорѓе Ѓорѓиковиќ. Главен уредник Глигорие Хаџи-Ташковиќ.

Излегувала во Белград еднаш неделно, на 4 страници, на формат фолио, на српски јазик.

Првиот број е I/1 од 12. X. 1905, а последен познат број I/10 од 14. XII. 1905.

Политички лист. орган на Македонскиот клуб во Белград. Излегувал под паролата „Балкан балканским народима, Македонија Македонцима".

Словенска библиотека во Прага.

2. БАБУНА, „Лист за политику, привреду и књижевност".

Весникот **„Вардар"** во Скопје во бројот III/15 (82) од 11. III. 1910 излегол под името **„Бабуна"**, но ги задржал сите свои надворешни и внатрешни карактеристики.

* ИНИС (Институт за национална историја во Скопје).[1])

3. БАЛКАНСКИ ГЛАСНИК — REVUE BALKANIQUE

Сопственик Стефан Јаќимов. Одговорен уредник Петар Ѓорѓевиќ.

Излегувал во Белград еднаш неделно, на 4 страници, на формат фолио, на српски јазик со тоа што уводната статија е објавувана и на француски јазик.

Првиот број е I/1 од 7. VII. 1902, а последен познат број I/1 од 25. VIII. 1902.

Политички лист. Ја застапувал идејата за постоењето на посебна македонска националност и ја потикнувал борбата за автономна Македонија.

* НББ (Народна библиотека во Белград) Фсл 2002/Р.

4. БИТОЛСКА ОБЛАСНА САМОУПРАВА, „Службени лист Обласног одбора Битољске самоуправне области".

Уредник Милан Блажиќ, шеф на администрацијата на Обласниот одбор.

Излегувал во Битола секој 1. и 15. во месецот, на 4 страници, на формат фолио, на српски јазик, од печатницата „Кирјас".

Првиот број е I/1 од 15. IV. 1927, а последниот познат број III/30 од 15. XI. 1929. Броевите излегувале во секое годиште од почетокот.

Весникот донесувал локални службени вести.

* СБЗ (Свеучилишна библиотека у Загребу) 85.323 адл 6.

5. БИТОЛСКА САМОУПРАВА, „Радикални лист за политику, привреду и народно просвеќивање".

Сопственик др Богољуб Курандиќ. Главни уредници Бранко Радиќевиќ и Богољуб Курандиќ.

Излегувал во Битола еднаш неделно, на 4 страници, на формат фолио, на српски јазик, од печатницата „Кирјас".

---

[1]) *** Библиотека во која се наоѓа списанието (со комплетни односно некомплетни броеви).

Првиот број е I/1 од 12. VIII. 1922, а последниот познат број I/14 од 12. XI. 1922.

Локален политички весник на Радикалната партија.

* СБЗ 85.639 адл 5.

6. БИТОЉСКИ ВЕСНИК, „Орган демократске омладине окр. битољског".

Во името на демократскиот клуб сопственикот бил Петар Вељановиќ. Одговорен уредник на првите три броја бил Борис Васиљевиќ, а на останатите броеви Стефан Тасиќ. Весникот го уредувал одборот.

Излегувал во Битола еднаш неделно, на 4 страници, на формат фолио, на српски јазик, од печатницата „Кирјас".

Првиот број е I/1 од 1. XII. 1921, а последниот познат број I/30 од 11. VI. 1922.

Локален политички весник на Демократската странка.

* СБЗ 85.639 адл 9.

7. ЦАРИГРАДСКИ ГЛАСНИК

Во почетокот сопственик Коста Групчевиќ, а подоцна Темко Поповиќ. Одговорни уредници еден за друг: Никодин Савиќ, Сима Аврамовиќ, Светолик Јакшиќ, др Михајло Вукчевиќ и Иван Иваниќ.

Излегувал во Цариград еднаш неделно, на 4 страници, на формат фолио, на српски јазик, во тираж околу 1.200 примероци.

Првиот број е I/1 од 14. I. 1895, а последниот XV/42 од 10. X. 1909, со тоа што во 1907 година излегле само три броја. Броевите излегувале во секое годиште од почетокот.

Весникот бил орган на српската пропаганда во Турција. Донесувал и вести од Македонија.

* НББ Фол 2659/Н.

8. ДЕМОКРАТ, „Демократски орган за политику, привреду и књижевност".

Во почетокот директор Давид Димитриевиќ, а подоцна Стеван Мацура. Уредник Михајло Кујунџиќ.

Излегувал во Скопје во почетокот секој ден, подоцна шест пати неделно, на 4 страници, на формат фолио, на српски јазик, од печатницата „Крајничанец".

Првиот познат број е II/32 од 9. II. 1920, а последниот познат број II/102 од 10. V. 1920. Во текот на 1928 година почнал да излегува под името **„Народна воља"**.

Локален политички лист најнапред на Демократскиот клуб, а подоцна на Демократската странка за Јужна Србија.

* СБЗ 89.938.

9. ГЛАС НАРОДА, „Лист за политику, књижевност и привреду".

Сопственик и одговорен уредник Арсение Здравковиќ. Главни уредници Милан Чемерикиќ и Глиша Елезовиќ.

Излегувал во Скопје два пати неделно, на 4 страници, на формат фолио, на српски јазик, од „Прва српска акционарска штампарија".

Првиот број е I/1 од 9. III. 1912, а последниот I/49 од 19. IX. 1912.

Политички весник на оние привржениците на српската пропаганда кои биле во опозиција на весникот **„Вардар"**.

10. ГОЛУБ — КАЛЕНДАР, „Издање **Цариградског гласника“.**

Го уредувале уредниците на „Цариградскиот гласник“ или службеници од Министерството на надворешни работи на Србија.

Излегувал во опсег од 20—300 страници, на формат октав, во тираж околу 4.000 примероци. Во првите шест години покрај текстовите на српски јазик, имало и текстови на македонски јазик.

Во Цариград излегле годиштата од I/1890, до XIX/1908, а во Скопје XIX/1911 и XX/1912. Броевите кои се издадени во Скопје, всушност, се XX и XXI годиште на тој календар.

Како орган на српската пропаганда во Турција, бил наменет на Македонија.

** НББ II 14.683.

11. ИЛИНДЕН, „Сборникъ въ паметъ на голѣмото македонско възтание“.

Издание на Македонското студентско друштво „Вардар“.

Излегувал во Софија еднаш годишно, на 80—100 страници, на формат октав, на бугарски јазик.

Прв пат, веројатно, излегол 1921 година, а последен 1925 год.

Зборник за историски и литературни прилози на тема за Илинден.

12. L'INDÉPENDANCE MACÉDONIENNE. ,,Revue bi-mensuelle politique, sociale et économique".

Излегувал во Лозана, на 24 страници, на формат октав, на француски јазик.

Познат е само бројот I/1 од 16. X. 1919.

Политички орган на Генералниот совет на Македонските друштва во Швајцарија.

13. ЈУГ, „Часопис за књижевност“.

Излегувал во Куманово 1928 година.

Цитира: **„Јужни преглед“** II/7, Скопје 1928, 332—333.

14. ЈУЖНИ ПРЕГЛЕД, „Часопис за науку и књижевност“ .

Сопственик Чедомир Тодоровиќ, Одговорен уредник Сава Милосављевиќ. Уредник Петар Митропан (од 1931).

Излегувал во Скопје како месечник на околу 40 страници, на формат октав, на српски јазик, од печатницата „Јужна Србија“.

Првиот број е I/1 од 1. XI. 1926 (под наслов „Месечен преглед“) а последен познат број XIII/12 од 1. XII. 1939. Броевите излегувале во почетокот на секоја година.

Во списанието се објавувани кратки прозни и лирски работи, научни списанија и критики од областа на книжевноста.

** Славистичка библиотека на Филозофскиот факултет во Загреб.

15. ЈУЖЕН ПРИВРЕДНИК, „Лист за индустрију, трговину, привреду, занатство и културу“.

Во почетокот сопственик и одговорен уредник Ј. Јовиќ, а директор и главен уредник бил А. Милошевиќ. Подоцна сопственик бил Љ. Милошевиќ, а директор и главен уредник А. Милошевиќ. Го уредувал одбор.

Излегувал во Скопје еднаш неделно, на 4 страници, на формат фолио, на српски јазик, од печатницата „Стара Србија“.

Првиот познат број е II/38 од 20. IX. 1925, а последен познат број III/101 од 19. XII. 1926.

** СБЗ 89.950.

16. ЈУЖНИ ВЕСНИК, „Привредно-културно-социјални недељни лист“.

Одговорен уредник Јован Костиќ. Уредници Јован Костиќ и Јосиф Алалуф.

Излегувал во Скопје еднаш неделно, на 6 страници, на формат фолио, на српски јазик, од печатницата „Немања“.

Првиот број е I/1 од 1. V. 1937, а последен познат број I/7 од 13. VI. 1937.

Локален весник на Југословенската радикална заедница.

* СБЗ 211.906.

17. LA MACÉDOINE LIBRE, ,,Organe de l'émigration Macédonienne".

Не е наведено името на уредникот.

Излегувал во Софија два пати месечно, на 4 страници, на формат фолио, на француски јазик.

Првиот број е I/1 од 25. IV. 1924, а последен познат број III/73 од 1. V. 1927.

** СБЗ 85.205.

18. МАЂЕДОНИЈА, „Орган Старосрбијанаца и Мађедонаца“.

Директор Петар Симоновиќ. Уредници, еден по друг, Миле Баиќ, Ј. Дамјановиќ, П. Симоновиќ и Милорад Марковиќ.

Излегувал во Белград еднаш неделно, на 4 страници на формат фолио, на српски јазик. Год. 1904 е испраќана во Турција под името **„Вардар“.**

Првиот познат број е V/13 од 31. III. 1902, а последниот познат број XVII/47 од 11. XII. 1911. Броевите излегувале во почетокот на годината.

Политички весник, поаѓал од великосрпските позиции.

** НББ Фол 2196/П.

19. МАКЕДОНИЈА, „Орган Народне радикалне странке окр. Битољског“.

Во почетокот сопственик во името на радикалниот клуб бил Јован Алтипармаковиќ, а подоцна Јован Ќирковиќ. Одговорен уредник бил Веља Наумовиќ. Го уредувал одбор.

Излегувал во Битола еднаш неделно, на 2 страници, на формат фолио, на српски јазик, од печатницата „Кирјас“.

Првиот познат број е III/2 од 21. II. 1924, а последниот познат број IV/7 од 26. VII. 1925.

Локален политички весник на Радикалната странка.

** СБЗ 211.620.

20. МАКЕДОНКА, Орган „Побратимства“.

Излегувал во Белград во 1905 година.

Цитира: **Мађедонија.**

21. МАКЕДОНО-ОДРИНСКИ ПРЕГЛЕД.

Излегувал во Софија во 1905 г.

Цитира: М. Пандевски, Политичките партии и организации во Македонија, Скопје 1965, 436.

22. МЕСЕЧНИ ПРЕГЛЕД, „Лист за науку и књижевност“.

По првиот број I/1 кој излегол во Скопје на 1. XI. 1926. списанието го применило насловот во **„Јужни Преглед“.**

23. МАКЕДОНСКИЙ ГОЛОСЪ — МАКЕДОНСКИ ГЛАС, „Органъ сторонниковъ независимой Македонии“.

Издавач Павле Чуповски.

Излегувал во Петроград еднаш месечно, на околу 20 страници, на фрмат октав, на руски јазик.

Првиот број е I/1 од 9. VI. 1913, а последниот е II/11 од 20. XI. 1914. Сè на сè имал 222 страници.

Политички весник кој ја застапувал идејата за постоење на посебна македонска националност и барал воспоставување на независна македонска држава со поддршката на Русија.

* Фототипско издание на ИНИ, Скопје 1968.

24. НАРОДНА ВОЉА, „Демократски лист“.

Сопственик и уредник Михајло Кујунџиќ.

Излегувал во Скопје шест пати неделно, на 2—4 страници, на формат фолио, на српски јазик, од печатницата „Крајничанец“.

Првиот број е III/1 од 16. VII. 1927, а последен познат број III/49 од 10. IX. 1927. Како се сметал за продолжение на **„Демократ“** од 1919—1920, првото годиште на **„Народна воља“** е означено како трето годиште на излегувањето на тој весник.

Локален политички весник на симпатизерите на Демократската странка.

* СБЗ 85.312 адл. 20.

25. НАША ЊИВА, „Лист за унапређење привреде у Јужној Србији“.

Сопственик и уредник Милан Миленица. Одговорен уредник Мика Костиќ.

Излегувал во Скопје секој 1. и 15. во месецот, на 4 страници, на формат фолио, на српски јазик, од печатницата „Напредак“.

Прв познат број е II/17 од 1. IX. 1924, а последен познат број III/28 од 1. II. 1925.

** СБЗ 211.632.

26. НАША СТАРА СРБИЈА, односно СТАРА СРБИЈА (од 3. I. 1928).

Сопственик печатницата „Стара Србија“, т. е. Милан Илиќ, а за кратко време Винко Мандекиќ. Уредник најпрвин бил Богољуб Радетиќ, а подоцна бил Милан Илиќ.

Излегувал во Скопје најпрвин шест пати, од мај 1928 два пати, а од ноември 1928 еднаш неделно, на 4 страници, на формат фолио, на српски јазик, од печатницата „Стара Србија“.

Прв познат број е II/211 од 15.IX. 1925, а последниот е VI/7 од 3. III. 1929. Броевите продолжувале во секое годиште од почеток. Иако е продолжение на „Стара Србија“ од 1919—1923, весникот почнува да ги смета своите годишта од почетокот.

Локален политички весник на симпатизерите на Радикалната странка.

** СБЗ 89.982.

27. NOUVELLES MACÉDONIENNES, „Bulletin de l'Organisation intérieure révolutionnaire de Macédoine".

Не е наведено името на уредникот, ниту местото на излегувањето.

Излегувал секој 5, 15 и 25 во месецот, на 4 страници, на формат фолио, на француски јазик.

Прв познат број е I/11 од 25. 1924, а последниот познат број III/98 од 5. IX. 1926.

Политички весник на групата на Тодор Александров.

** СБЗ 86.503.

28. НОВА СРБИЈА, Политички весник.

Уредник М. Предиќ.

Излегувал во Скопје од 1. IX. 1913, до 30. VII. 1914.

Цитира: Споменица 25-годишњице ослобођења Јужне Србије, Скопље 1937, 896.

29. ПРИВРЕДНИ ГЛАСНИК, „Орган Скопске трговачке омладине“.

Во 1921—1922, најпрвин сопственик за Скопската трговска младина Спиро Милошевиќ, а потоа Димитрија Мацура. Одговорен уредник Димитрија Синадиновиќ. Во 1929 сопственик на Скопската трговска младина. Одговорен уредник др. Вид. Ѓорѓевиќ.

Излегувал во Скопје шест пати неделно, на 4 страници, на формат фолио, на српски јазик, од печатницата „Вардар“, „Напредак“ и „Стара Србија“.

Прв познат број е III/262 од 15. XII. 1921, а последниот е јубиларен број од 13. VI. 1929.

Локален стопански весник на скопските трговци.

** СБЗ 211.918 адл 4.

30. PROGRÈS DE SALONIQUE

Излегувал во Солун во 1910—1912.

Цитира, М. Пандевски, Политичките партии и организации во Македонија, Скопје 1965, 436.

31. СКОПСКИ ГЛАСНИК, „Службени лист општине града Скопља“.

Сопственик за општината на градот Скопје најпрвин бил Драгољуб Милојковиќ, а подоцна Ѓорѓе Ристиќ. Уредници, еден по друг, а некое време и заедно, Драгољуб Милојковиќ и Вук Ивановиќ.

Излегувал во Скопје еднаш неделно, а од април до декември 1930 година два пати неделно, на 4—6 страници, на формат фолио, на српски јазик, од печатницата на Василие Димитриевиќ.

Првиот број е I/1 од 1. III. 1929, а последниот познат број III/186 од 26. XII. 1931.

Локален политичко-информативен весник.

* СБЗ 85.338.

32. СРПСКА ШКОЛА, „Лист за унапређење наставе и школског живота“.

Сопственик и одговорен уредник Давид Димитриевиќ. Главен уредник проф. Ал. Мариќ.

Излегувал во Скопје секој 15 во месецот со прекин за време на школскиот распуст, на 2—4 печатени арка, на српски јазик, од печатницата „Вардар“.

Првиот број е I/1 од 15. II. 1910, а последниот I/9—10 од 15. XII. 1910.

Педагошко списание наменето за српските училишта во Турција.

* УББ (Универзитетска библиотека во Белград) Ч. 429; НБС. (Народна библиотека во Скопје) Чс II 464.

33. СТАРА СРБИЈА, „Независни политички лист“ (поднаслов од 1. IV. 1921), „Радикални лист“ (од II. 1922), „Дневни политички лист“ (од 1. I. 1923).

Сопственици, еден по друг, Јован Ќирковиќ, Ранко Трифуновиќ и печатницата „Стара Србија", т.е. Милан Илиќ. Уредник најпрвин бил Бошко Богдановиќ, а од 21. II. 1922 Велимир Влајковиќ. Го уредувал одбор.

Излегувал во Скопје во почетокот секој ден на 2 страници, на формат фолио, на српски јазик, од печатницата „Стара Србија".

Првиот познат број е II/1 од 1. I. 1920, а последниот познат број е VI/30 од 4. III. 1923. Броевите продолжувале во секое годиште од почетокот. Годината 1921 наместо како III означена е како IV година од излегувањето, бидејќи „Стара Србија" се сметала како продолжение на **„Велика Србија"** која излегувала во Солун во 1916—1917 година. Од 1924 година **„Стара Србија"** почнала повторно да излегува под името **„Наша Стара Србија"**.

Локален политички весник на симпатизерите на Радикалната партија.

** СБЗ 89.656.

34. ВАРДАР — КАЛЕНДАР.

Уредник на првите три броја бил Димитрија Алексијевиќ, а на последните три броја бил Ѓока Поповиќ.

Излегувал во Белград на 70—100 страници, на формат октав, на српски и македонски јазик, во тираж околу 4.000 примероци. Поради полесно растурање во Турција, како место на неговото излегување е назначена Виена.

Сè на сè, веројатно излегувал шест години од I/1879 до III/1881 и IV/1885 до VI/1887.

Од страна на српската влада бил наменет на Македонија.

** СБЗ 338.677; БЈАЗУ П 6712; НББ II 14.585.

35. ВАРДАР — КАЛЕНДАР, „Издање Кола српских сестара у корист пострадалих Срба у Ст. Србији и Македонији".

Излегувал во Белград, на 100—150 страници, на формат октав, на српски јазик, во тираж од 15—35.000 примероци.

Првите девет години од I/1906 до IX/1914 биле наменети за пропаганда во Македонија и меѓу македонските печалбари во Србија.

* НББ II 14.669; ** СБЗ 82.795.

36. ВАРДАР, „Лист за политику, привреду и књижевност".

Во првите години сопственик и одговорен уредник бил Давид Димитријевиќ, а од октомври 1912 година сопственик е печатницата „Вардар", а уредници, еден по друг, се Стојан Дамјановиќ и Никола Дивјаковиќ.

Излегувал во Скопје во почетокот еднаш, а од февруари 1910 година до октомври 1912 година два пати со тоа што во јануари 1911 година излегувал и три пати неделно, а на крајот од октомври 1912 година шест пати неделно, на 4 страници, на формат фолио, на српски јазик, од печатницата „Вардар".

Првиот број е I/1 од IX. 1908, а последниот за турското владеење V/74 од 23. IX. 1912, со тоа што во март 1910 година еден негов број излегол под името **„Бабуна"** и тоа што од јуни до крајот на 1910 година излегувал

под името **„Законитост“**. За време на српското владеење продолжил да излегува со бројот V/75 од 21. X. 1912 до средината на 1913 година и одново од број VII/1 од 14. I. 1914 до број VII/23 од 11. II. 1914.

Политички весник, орган на српската пропаганда во Турција.

* НББ Фол 2037/П.

37. ВАРДАР, „Независни дневник Јужне Србије“.

Во почетокот сопственик Димитрие Крајничанец, а подоцна Мирослав Јелиќ. Уредници биле Мирослав Јелиќ и Чеда Јанковиќ.

Излегувал во Скопје шест пати неделно, на 4 страници, на формат фолио, на српски јазик, од печатницата „Крајничанец“.

Првиот број е I/1 од 15. XII. 1925, а последниот познат број е II/86 од 17. IV. 1926. Броевите течеле во секоја година од почетокот.

Политички весник на групата независни интелектуалци.

* СБЗ 89.918.

38. ВАРДАРСКИ БАНОВИНСКИ ГЛАСНИК, „Орган удружења бановинских чиновника и службеника Вардарске бановине“.

Сопственик и уредник бил Радослав Николиќ.

Излегувал во Скопје еднаш месечно, на 8 страници, на формат кварт, на српски јазик, од печатницата на Василие Димитријевиќ.

Првиот број е I/1 од јануари 1936, а последниот познат број е III/4—5 од април-мај 1938 година. Броевите течеле секоја година посебно.

Весникот донесувал локални сталешки вести.

** СБЗ 87.220.

39. ЗАКОНИТОСТ, „Лист за политику, привреду и књижевност“.

Потполно идентичен и по форма и по содржина на весникот **„Вардар“** наместо кој излегувал по половина година. Единствена промена е тоа што покрај сопственикот Димитрие Давидовиќ е назначен како одговорен уредник Димитрие Хаџи-Зафировиќ.

Првиот број е I/1 од 20. VI. 1910, а последниот е I/56 од 30. XII. 1910.

* НББ Фол 2039/II.